РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08 - 714/7

17.04. 2026 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 53 седница одржана на 18.03.2026 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за акредитација на студиската програма „Дентална медицина“, прв и втор циклус интегрирани студии (360 ектс), на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје

1.Се акредитира студиската програма „Дентална медицина“, прв и втор циклус интегрирани студии (360 ектс), на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 360 ЕКТС кредити и со академски назив: Доктор по дентална медицина / во меѓународен промет, академски, назив: Doctor of Dental Medicine.
Научно - истражувачко подрачје: 3 Медицински науки и здравство; Научно – истражувачко поле: 3.05 Други медицински науки, Научно – истражувачка област: 3.05.01.01 Максилофацијална хирургија; 3.05.01.02 Превентивна и детска стоматологија; 3.05.01.03 Ортодонција, 3.05.01.04 Стоматолошка протетика; 3.05.01.05 Дентална патологија,реставративна стоматологија и ендодонција; 3.05.01.06 Имплантологија; 3.05.01.07 Орална медицина и пародонтологија; 3.05.01.08 Форензична стоматологија; 3.05.01.09 Орална хирургија;3.05.01.10 Рендген дијагностика во стоматологијата; 3.05.01.11 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 140 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената Одлука бр. 02-1139/2 од 29.09.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Дентална медицина“, прв и втор циклус интегрирани студии (360 ектс), на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-2774/1 од 07.10.2025 година (наш бр. 08 - 714/1 од 09.10.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 42-та седницата одржана на 03.11.2025 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 714/6 од 24.03.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и доапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 53-та седница одржана на 18.03.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков